**Прашање поставено од акционерите на седницата на Собранието на Македонски Телеком одржана на 27 јуни 2014 година и одговор даден од страна на Друштвото**

**I. По точката 1 од Дневниот ред „*Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Консолидираните финансиски извештаи и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2014 година*„*:**

**Прашање:** На чиј предлог Собранието на Друштвото го избира овластениот ревизор со оглед дека Одлуките кои се предмет на усвојување од страна на Собранието треба претходно да се разгледани и анализирани пред да се предложат за одобрување.

**Одговор:**
PricewaterhouseCoopers РЕВИЗИЈА д.о.о. Скопје за овластен ревизор е предложен од Одборот за ревизија на Друштвото, како Одбор основан од страна на Одборот на директори, и Собранието врз основа на таа препорака го избира за овластен Ревизор за ревизија на Консолидираните финансиски извештаи и на Финансиските извештаи на Друштвото. Истата ревизорска куќа е избрана во Маѓар Телеком и праксата е истата ревизорска куќа која што ги ревидира финансиските извештаи на компаниите, така наречени-мајки, да биде ангажирана и во компаниите-ќерки,поради ефикасност на постапката на самата ревизија.

***Дополнително појаснување во однос на коментарот за објавување на податокот за цената на услугата на овластениот ревизор кој се избира***

*Со оглед дека цената на договорениот надоместок за услугата на овластениот ревизор, предмет на соодветен договор, е доверлив податок кој не може јавно да се објави, секој акционер кој бара информација за овој податок има право да биде информиран односно има право на увид во книгите, актите и другите документи на Друштвото наведени во Законот за трговски друштва на начин и постапка согласно член 320 од овој Закон, што подразбира информирање и за податокот кој се бара.*